# ИНФОРМАТОР ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**2020**

**ЈАНУАРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **4**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 1 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 2 |
| пристап до добра и услуги | 0 |
| домување | 0 |
| медиуми | 0 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 1 |

## Реакции

Реакции овој месец **4**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 4 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| Превенција | Број |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | % |
|---|---|
| род | 0% |
| родов идентитет | 0% |
| пол | 25% |
| сексуална ориентација | 0% |
| етничка припадност | 0% |
| попреченост | 0% |
| корисници на дроги | 75% |
| друго | 25% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 1 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 4 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 0 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ЈАНУАРИ 2020

### СЛУЧАЈ:

Во текот на месец јануари, Хелсиншкиот комитет регистрираше случај пријавен од бремена работничка која, додека користела боледување, добила отказ од страна на работодавачот.

Имено, станува збор за работничка која непосредно откако го информирала работодавачот дека е бремена ѝ бил откажан договорот за вработување. Работодавачот ѝ го врачил отказот на работничката додека таа го користела правото на боледување, со образложение дека неоправдано отсуствувала од работа во претходниот период. Спротивно на Законот за работните односи, работодавачот го направил ова без претходно да ѝ достави предупредување на работничката за подобрување на работењето или пак, да поведе дисциплинска постапка против неа.

Работничката се обрати во Хелсиншкиот комитет со барање за бесплатна правна помош. Претставници на Комитетот ја придружуваа работничката во Државниот инспекторат за труд, каде што таа ја пријави оваа повреда на нејзините работнички права. По извршениот инспекциски надзор, Инспекторатот со Решение му наложил на работодавачот да ја поништи одлуката за отказ и да ја врати работничката на работа. Веднаш потоа, таа добила одлука за поништување на одлуката за отказ и била вратена на работното место.

Бремените работнички уживаат посебна заштита, уредена со националното трудово законодавство. Работодавачот не смее да и го откаже договорот за вработување на работничката за време на бременост. Доколку работничката сторила потешки прекршувања на договорните обврски, може да и биде откажан договорот за вработување, само по претходна согласност на синдикатот чиј член е истата или по добиена согласност од Државниот инспекторат за труд.

Овие дејствија на работодавачот претставуваат директна полова дискриминација врз работничката и е забранета со Законот за работните односи и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд на правдата во случајот Беизарас и Левичкас против Литванија утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права, во врска со член 8 (правото на приватен и семеен живот) и повреда на членот 13 (правото на ефективен правен лек). Случајот го покрена прашањето за обврската на државите да ги заштитат индивидуите од хомофобичен говор на омраза.

Имено, жалителите се двајца млади мажи кои се во интимна врска. Еден од нив на социјалната мрежа Фејсбук, објавил фотографија на која тој и неговиот партнер се бакнуваат. Набрзо потоа, на сликата добиле стотина коментари кои содржеле говор на омраза. Некои од коментарите се однесувале на ЛГБТИ луѓето воопшто, додека некои закани биле директно насочени кон жалителите. Коментарите поттикнувале жалителите да бидат „кастрирани“, „убиени“, „истребени“ и „запалени“ поради нивната сексуална ориентација.

Обвинителството и домашните судови одбиле да отворат истрага за поттикнувањето на омраза и насилство против хомосексуалци. Надлежните власти заклучиле дека однесувањето на двајцата партнери било провокативно и дека коментарите, иако неетички, не претставувале основа да се започне постапка. Според домашните судови, жалителите можеле да предвидат дека објавувањето на таква фотографија нема да придонесе кон кохезија во литванското општество, кое во голема мера ги почитува „традиционалните семејни вредности“.

Европскиот суд за човекови права утврдил дека сексуалната ориентација на жалителите играла клучна улога во начинот на постапување на властите. Одбивајќи да започнат истрага, тие јасно покажале дека не го одобруваат јавното демонстрирање на сексуалната ориентација на жалителите. Ваквото дискриминаторско однесување, според Судот, значи дека тие не биле заштитени од отворени закани по нивниот физички и психички интегритет, и покрај тоа што имаат право на таква заштита.

[1] Beizaras and Levickas v. Lithuania (application no. 41288/15)

### РЕСУРСИ:

1. ОБСЕ „Информатор: Родова еднаквост“ –

https://www.osce.org/resources/factsheets/gen-der-equality?download=true

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Миграција: Клучни предизвици со фундаменталните права“ –

https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/-fra-2020-migration-bulletin-1_en.pdf

3. Група за миграциона политика „Ефективно комуницирање за миграција: препораки и можни политики“ –

https://www.migpolgroup.com/wp-content/up-loads/2020/01/POB-Public-Opinion-Hind-Sharif.pdf

4. Европска мрежа од правни експерти за родова еднаквост и недискриминација „Позитивно родово-базирано дејствување во областа на вработувањето во Европа“ –

https://www.equalitylaw.eu/downloads/5008-gen-der-based-posi-tive-action-in-employment-in-europe-pdf-1-9-mb

5. Хелсиншки комитет за човекови права „Пресуда на ЕСЧП по апликација на Хелсиншки: Прекршени правата на осумгодишно дете со попреченост кое беше врзувано „заради негова безбедност”

https://mhc.org.mk/news/presuda-na-evropski-ot-sud-za-chove-kovi-prava-po-aplikacija-na-helsinshkiot-komitet-prekrsheni-pravata-na-osumgodishno-dete-so-poprechenost-koe-beshe-vrzuvano-zaradi-negova-bezbednos/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**